CEE bankwatch network

# Земјите од Вишеград и Балканот

## работиме заедно за развој со ефикасно искористување на ресурсите



**Автори:**

Ермелинда Махмутај (ЕДЕН Центар, Албанија)
Ана Чоловиќ Лешоска (Еко-свест, Македонија)
Јелена Вукелиќ (Центар за животна средина, Босна и Херцеговина)
Бјанка Чутурило (ЦЕКОР, Србија)

Мисијата на CEE Bankwatch Network е да ги спречи штетните влијанија од меѓународните финансии врз животната средина и луѓето и да промовира алтернативни решенија и учество на јавноста.

За повеќе информации контактирајте со

Оваа публикација е подготвена од страна на CEE Bankwatch Network.

Оваа публикација е овозможена преку финансиската поддршка на Европската унија и Меѓународниот Вишеград Фонд.

# Вовед

Во извештајот за напредокот на земјите од западен Балкан во приближувањето кон ЕУ за 2014 година, Европската комисија наведува дека: „моќното граѓанско општество е основен елемент од секое демократско општество и треба да е признаено и третирано како такво од страна на владините институции“. Имајќи го ова предвид, CEE Bankwatch Network – заедно со партнерите од Албанија, Босна и Херцеговина, Чешка, Унгарија, Македонија, Србија и Словачка - организираше серија на партнерства за активно учество на граѓанските организации во овие земји за да влијаат врз финансирањето на проекти и програми за ефикасно искористување на ресурсите од европски средства. Проектот “Вишеградi и Балканот - работиме заедно за развој со ефикасно искористување на ресурсите” траеше 18 месеци во текот на 2013 и 2014 година.

Во последните четири години, Bankwatch има вложено значителни напори во градењето на капацитетите на граѓанските организации од Западен Балкан на различни теми, особено за пред-пристапните фондови. Финансирањето од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) е наменето да им помогне на земјите да ги воведат неопходните политички, економски и институционални реформи за да се усогласат со стандардите на ЕУ, како дел од процесот на проширување. Реформите потребни за членство во ЕУ се наменети да го подобрат животот на граѓаните во земјите корисници на ИПА. Главните цели на оваа помош вклучуваат поддршка за политичките реформи, особено во градење на институциите, зајакнување на владеењето на правото, човековите права, заштита на малцинствата и развојот на граѓанското општество. Бидејќи Bankwatch има искуство во програмирањето на фондовите на ЕУ во новите земји-членки и поседува експертиза за процесот на проширување и пристапување кон ЕУ, ова знаење природно се пренесува на членките и партнерските организации на Bankwatch во земјите од Западен Балкан.

Почнувајќи во Македонија во 2011 година, иницијативата се разви како начин граѓанските организации за заштита на животната средина да учат за ИПА и новиот процес на програмирање за ЕУ фондовите во нивната земја. Истата година од страна на Bankwatch и партнерите од Албанија, Македонија и Србија беше објавен првиот повеќејазичен прирачник за ИПА којшто беше дистрибуиран до граѓанските организации од регионот, со цел да се прошират знаењата за ИПА. Во текот на 2012 и 2013 година со помош на Bankwatch, граѓанските организации од регионот се организираа за процесот на програмирање на ИПА и создадоа сојузи за подобар дијалог со институциите.

Проектот “Вишеград и Балканот - работиме заедно за развој со ефикасно искористување на ресурсите” се фокусира на вклучување на граѓанските организации во развојот на националните политики кои ќе овозможат примена на практики за ефикасно искористување на ресурсите. Проектот овозможи споделување на вештини преку пракса, заеднички состаноци со партнерите и подготовка на информативни материјали и ставови на граѓанските организации за политиките, вклучувајќи ја и оваа збирка на студии.

Праксата беше организирана за три партнери од западен Балкан: ЕДЕН Центар од Албанија беше на пракса кај Friends of the Earth CEPA во Словачка; ЦЕКОР од Србија кај Friends of the Earth MTVSZ Унгарија и Центарот за животна средина од Босна и Херцеговина беше на пракса кај Friends of the Earth Hnuti Duha во Република Чешка. Темите опфатени во текот на праксата беа: вклученост на граѓанските организации во структуриран дијалог со словачката влада, иницијативата за закон за клима во Унгарија и практики за управување со отпад во Република Чешка. Трите студии на случај презентирани овде даваат слика за искуствата на земјите од централна и источна Европа и ја анализираат можноста за спроведување на таквите добри практики во земјите од Западен Балкан. Покрај тоа, од страна на партнерот во Македонија е изготвена студија за спроведување на принципот на партнерство, како резултат на неговиот долгорочен ангажман во процесите на донесување одлуки во земјата.

Оваа збирка е наменета да им користи на граѓанските организации во земјите корисници на ИПА и да обезбеди информации за некои добри практики кои можат да бидат спроведени во регионот. Нашата надеж е дека таа ќе биде корисна и вредна за понатамошна дистрибуција во регионот.

Оваа публикација е изработена со финансиска помош од Европската Унија и Меѓународниот Фонд Вишеград. Содржината на оваа публикација е единствено одговорност на CEE Bankwatch Network и во никој случај не може да се смета како одраз на ставот на Европската унија и Меѓународниот Фонд Вишеград.

Bankwatch е исто така благодарен на следните донатори за нивната тековна поддршка на нашата работа: Фондацијата Charles Stewart Mott, Фондацијата за Европска клима, Меѓународниот Фонд Вишеград, Sigrid Rausing Trust.

# Принципот на партнерство во Европската унија[1]

## ВОВЕД

Принципот на партнерство како дел од Кохезионата политика има цел да овозможи сеопфатно и навремено (рано) вклучување на сите засегнати страни во планирањето, примената, следењето и евалуацијата на средствата на ЕУ. Ваквото вклучување и ангажирање овозможува разни бенефиции и додадена вредност како што се зајакнување на колективната посветеност и сопственост на политиките на ЕУ и инвестиции, поголемо знаење, стручност и ставови во развивањето на проект(и) и при нивниот избор, ефикасна имплементација на проекти како и обезбедување поголема транспарентност во процесот на одлучување и спречување на измами и злоупотреба на парите на даночните обврзници.

Предлогот на Европската комисија за нова законска рамка за Кохезионата политика предвидува, според членот 5 од заедничките одредби/ регулативи, воведување на тнр. „Европски кодекс на партнерско однесување (ECCP)“. Овој Кодекс, предвиден со Законот за делегирање и усвоен од Европската комисија во месец јануари 2013 година, треба да им даде насоки на земјите членки и да ги промовира најдобрите пракси од партнерството во однос на вклучувањето на партнерите и дијалог со креаторите на политики; постапката за нивен избор; пристап до информации, временски рамки и плански документи; извештаи од консултации и улогата на партнерите како и додадената вредност во рамките на програмирањето; и флексибилност на конкретни постапки во комбинација со обврските за обезбедување транспарентен и партиципативен процес (заедно со известување за преземените активности во овој смисол). Така што, целта на Кодексот е решавање на една од главните слабости карактеристична за актуелната примена на принципот на партнерство – различни начини на постапување и квалитет во вклучувањето на разни земји членки што често доведува до партнерства со ниски стандарди и квалитет.

Во текот на преговорите за правната рамката („триалог“), земјите членки беа успешни во спречувањето на било какви задолжителни барања или минимални стандарди кон кои тие ќе треба да се придржуваат кога се работи за партнерството. Благодарение на притисок од земјите членки целиот принцип на партнерство (во споредба со првичниот предлог на Европската комисија) е изменет и сега подлежи на „целосна флексибилност“ со што дозволува онолку „добро однесување“ колку што се смета соодветно од аспект на министерствата кои се вклучени.

Земјите членки се заложија „веќе во подготвителната фаза на програмските документи (да) ги земат во предвид што е можно повеќе принципите на нацрт Регулативата“, вклучувајќи ги и главните елементи на принципот на партнерство. Во месец февруари 2013 година CEE Bankwatch Network и партнерите изразија претпазлив оптимизам на почетокот од процесот на програмирање околу примената на принципот на партнерство. Утврдени беа навременоста и постапката за вклучување на засегнатите страни но допрва требаше да се даде реален доказ за квалитетно партнерство имајќи ја во предвид раната фаза на процесот на програмирање во моментот кога имплементацијата на принципот на партнерство беше на самиот почеток.

Во месец март 2014 година до Европската комисија беа доставени нацрт договорите за партнерства заедно со главните структури и приоритети на програмите за работа (оперативните програми) утврдени во повеќето од државите со што стана јасно дека во некои земји од Централна и Источна Европа соодветната примена на принципот на партнерство и понатаму останува далечна цел.

## КАКВА Е РЕАЛНОСТА ДОСЕГА?

Земјите членки на различен начин и интензитет го толкуваат и применуваат принципот на партнерство па поради тоа различни земји имаат различни искуства, зависно од прашањето. Во овој момент (а ова особено се однесува на земјите од Централна и Источна Европа), општо земено, принципот на партнерство не се применува на начин кој ќе овозможи остварување на неговата цел, првенствено постигнување на сеопфатно програмирање и планирање, вклучувајќи ги тука потребите и знаењето од сите потенцијално засегнати страни, доследното вклучување на граѓанското општество во процесот на донесување политички одлуки и отвореност и транспарентност во програмирањето и имплементацијата.

## КОЈА Е ЦЕЛТА?

Зголеменото граѓанско ангажирање и учество на засегнатите страни од областа на животната средина ќе помогне во подобрувањето на квалитетот, релевантноста и ефективноста на владините политики и ќе обезбеди земање во предвид и на социо-економските прашања, паралелно со решавањето на другите економски прашања. Инклузивниот пристап е веројатно дека ќе доведе до поголема доверба во политиките и одлуките како и во институциите кои истите ги развиваат и применуваат.

Само со учество на јавноста, со транспарентност и пристап до информации може да се гарантира соодветна примена на разните процедури за заштита на животната средина (како што се проценката на влијанието врз животната средина и секторската проценка на животната средина) кои се од суштинска важност за поголема отчетност на политичките процеси и одлуки.

## ОПШТ ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ

Властите кои се задолжени за управување со националната кохезиона политика треба активно (а не само по претходно барање) да овозможат пристап за јавноста до сите информации кои ѝ се потребни за да постои информирано учество во процесот на донесување одлуки.

Од нив се очекува навремено да објават информации за постапките на програмирање и нацрт документите, како и детални информации за проектите кои се веќе ги има на национално ниво. Ова треба да биде надополнето со проценка и објавување на трошоците и влијанијата на програмите, субвенциите и проектите кои ги засегаат животите на граѓаните. Информацијата треба да биде навремена и лесно достапна на сите нивоа (европско, национално, регионално) и треба да ја содржи следната документација: подготвителна документација со програмирање и имплементација, самите програми, критериумите и постапките за избор на проекти, составот на комисиите кои работат на изборот, проектните предлози, проценки на влијанијата врз животната средина, избраните проекти, корисниците, ревизијата, критериумите и извештаите за мониторинг (следење) и евалуација. Постапките кои резултираат со одлуки, нивната примена и имплементација треба да бидат јасни и достапни за сите.

## ПАРТНЕРСТВО (СОРАБОТКА) ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА

- За засегнатите страни ќе биде обезбедено градење на капацитетите (тука се мисли на невладините организации, јавните службеници, итн.) за учество во партнерските процеси (разбирање на меѓусебната мотивација, внатрешните процеси и сл.)
- На потенцијалните апликанти кои би конкурирале со проекти за финансирање од Кохезионата политика ќе им бидат обезбедени помош, консултации и обуки.
- Земјите членки на ЕУ и самата ЕУ ќе обезбедат финансиска поддршка за учество на невладините организации.
- Кај некои мерки (како што се социјалниот развој, развојот на заедницата) соработката со невладините организации ќе биде задолжителен предуслов за апликантите.
- Потребно е да се намалат административните и финансиски бариери за невладините организации во пристапот до финансирање со средства на ЕУ;
- Органите на земјите членки и Европската комисија треба да објават информации за примената на проекти(те) на кохерентен начин на интернет, во рамките на нивната надлежност.
- Дел од тимовите за евалуација на проектите и избор треба да бидат стручни лица од невладините организации.
- Директните трошоци за партнерите (на пример патнички трошоци) кои се однесуваат на нивното учество во планирањето, следењето и евалуацијата на проектот или членство во други партнерски тела треба да бидат надоместени.

## ПАРТНЕРСТВО ВО МОНИТОРИНГОТ

- Опфатот на надлежности на комисиите за мониторинг треба да се унапреди (во смисол на правење измени во соодветните програмски и имплементирачки документи како и управување со „хоризонталниот“ учинок на програмите).
- Неопходно е формирање на комисија за мониторинг која ќе ги следи сите оперативни програми на национално ниво.
- Партнерите треба да бидат подеднакво застапени во комисиите за мониторинг и да се избираат преку транспарентна постапка почитувана од властите.
- Комисиите за мониторинг треба да работат на транспарентен начин и редовно да ги објавуваат документите од состаноците.
- Невладините организации треба да бидат застапени во сите комисии за следење и нивните членови треба да имаат право на глас.
- Невладините организации треба да можат да избираат свои претставници и властите не треба можат да влијаат на овие избори.
- Не треба да се воведуваат барања или ограничувања врз претставниците на невладините организации кои би биле поразлични од барањата или ограничувањата за било кој друг член на комисијата за мониторинг.

# ОПОЛНОМОШТЕНА КАНЦЕЛАРИЈА ВО СЛОВАЧКА

## СТРУКТУРА И ГЛАВНИ ОБВРСКИ И НАДЛЕЖНОСТИ

### СТРУКТУРА НА КАНЦЕЛАРИЈАТА

Ополномоштената Канцеларија е структура формирана од Владата со цел олеснување на односите помеѓу граѓанските организации и државата и систематско работење на механизми за поддршка за развој на граѓанското општество во Словачка, вклучувајќи тука правна структура и механизми за финансиска поддршка како што се даночни олеснувања, шеми за јавно финансирање, пристап до структурни фондови и сл. Станува збор за советодавно тело на Владата на Словачка кое е составен дел од структурата на Владата. Канцеларијата е формирана во просториите на Владата на Словачка и официјално сите вработени во неа се државни службеници но потекнуваат од граѓанскиот сектор. Големината на Канцеларијата е променлива зависно од плановите за развој на граѓанското општество и задачите кои треба да се реализираат. Започна со двајца вработени а сега се околу осум.

Работата на Ополномоштениот и неговата/ нејзината Канцеларија е заснована на статут кој ги утврдува главните задачи и кој е изготвен од работна група составени од граѓански организации. Ополномоштениот се назначува и разрешува од Владата, на предлог на премиерот и тој/ таа дава отчет за својата работа до Владата. Тој/ таа ја управува, насочува и контролира работата на Канцеларијата.

Една од првите задачи беше да се направи мапирање на проблемите и на опкружувањето во кое делува граѓанскиот сектор и воспоставување на основа за комуникација помеѓу државата и секторот. Други задачи беа вклучување на претставници од граѓанските организации во процесот на одлучување кој започна со изготвување на долгорочен план за развој на граѓанскиот сектор и модели за нивна поддршка. Трошоците за реализирање на обврските на Канцеларијата се финансираат од Буџетот на државата при што нацрт буџетот на Канцеларијата се доставува како дел од буџетскиот циркулар на Канцеларијата на Владата.

Ополномоштениот (Канцеларијата) има својство на лице кое учествува во интерминистерските консултации. Секогаш кога некој државен орган испраќа некој материјал за интерминистерски консултации а се однесува на активното учество на граѓаните во јавните институции или на невладини организации кои се респонзивни на активните граѓани и/ или финансирање во овие области и/ или распределба на средства од странски и ЕУ фондови во Словачката Република, Ополномоштениот е лицето до кого се доставува тој материјал за консултации во согласност со легислативните правила на словачката Влада.

Ополномоштениот учествува на седници на Владата кои се во доменот на неговата работа и дава предлози за дискусии од страна на телата кои имаат советодавна улога во Владата. Тој/ таа работи заедно со органите кои управуваат со оперативните програми за програмските периоди 2007 – 2013 и 2014 – 2020 година.

Соработка помеѓу

Priatelia Zeme CEPA & EDEN Qendra Mjedisore për Zhvillim Edukim dhe Rrjetëzim



## ГЛАВНИ ОБВРСКИ И НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПОЛНОМОШТЕНИОТ

Некои од поважните обврски и надлежности на Ополномоштениот:

1. Да се обезбеди (и да се координира) процесот на изготвување на долгорочен план за развој на граѓанското општество во Словачка за периодот 2012-2022 година кој има за цел да ги еманципира граѓаните во однос на државата и нејзините органи и да ги помага активностите преземени од страна на граѓаните кои имаат за цел нивно поголемо учество и активно влијание врз процесот на креирање политики на државно ниво;
2. Да се обезбеди (и да се координира) процесот на изготвување на среднорочна стратегија за поголемо учество на граѓаните и развој на невладиниот непрофитен сектор за периодот 2012 – 2016 година;
3. Да се обезбеди (и да се координира) процесот на унапредување на ефективноста на условите за развој на граѓанското општество во Словачка, со посебен акцент на:
    a. Активно учество на граѓаните и на невладините организации во следењето на средствата на Европската унија и програмирање на наредниот период за имплементација на оперативните програми преку кои ќе се обезбеди дека организациите од граѓанското општество се едни од главните корисници на оваа помош,
    b. Поддршка за инфраструктурата на невладините организации преку поединечни министерства,
    c. Регулирање на постојните механизми за директна финансиска поддршка и индиректна финансиска поддршка од јавни средства за невладините организации за да се обезбеди дека невладините организации ги добиваат и користат средствата на ефикасен и транспарентен начин што е можно поскоро
4. 4. Ополномоштениот исто така има обврски во процесот на изготвување и имплементирање на планови:
    a. Следење, анализирање и проценка на квалитетот на комуникацијата на партнерско ниво, можностите за директно учество, јавни дискусии и јавно разгледување на можни решенија
    b. Координирање на процесот на унапредување на ефективноста на условите за развој на комуникацијата на партнерско ниво, јавни дискусии на кои се разгледуваат:
        i. измените во законската регулатива за да се обезбеди дека истите го поттикнуваат учеството на јавноста во законското регулирање,
        ii. проценки на актуелната јавна комуникација со цел донесување мерки со кои ќе се обезбеди активна комуникација и учество на јавноста во процесот на донесување одлуки
    c. Учество во законодавниот процес кој произлегува од среднорочната стратегија за унапредување на граѓанското учество и развивање на невладиниот т.е. непрофитен сектор,
    d. Во соработка со невладините организации следење, анализа и проценка на евентуалните проблеми во врска со постоење на оптимално опкружување и услови за развој и добро функционирање на граѓанското општество,
    e. Промовирање на развојот на ефективна комуникација помеѓу јавниот сектор и организациите од граѓанскиот сектор,
    f. Овозможување и реализирање на други активности согласно она што било доделено/побарано од Владата

## УЛОГАТА НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО БРАТИСЛАВА ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ ПРОЦЕС

Процесот започна како иницијатива на поранешниот премиер Ивета Радичова која имаше добри врски со граѓанското општество и академскиот сектор заедно со клучните политички активни лица од невладините организации кои имаа голем углед во јавноста и во креирањето на мислењето не само во јавноста туку и во секторот.

Постапката формално започна преку посебен Владин совет за невладини организации.

Канцеларијата почна да работи во 2010 година а во 2011 ја обнови традицијата на конференции со граѓанскиот сектор. Конференцијата организирана во 2011 година стави акцент на воспоставување на јасно разбирање и односи со невладиниот сектор и новоформираната Канцеларија како и на утврдување на клучните приоритети за нејзините активности, цели и задачи. Ова резултираше со изготвување План за развој на граѓанскиот сектор кој стана главна програма на Ополномоштениот и неговата Канцеларија. Програмата заврши во 2013 година а нова не беше подготвена затоа што Ополномоштениот си поднесе оставка поради промена на власта.

Во моментов се бараат замена или алтернативни начини на функционирање на Канцеларијата на Ополномоштениот.

## УЛОГАТА НА ВЛАДИНИТЕ СОВЕТ ЗА НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Овој Совет беше само формален форум на кој се состануваат претставниците на државата и на граѓанскиот сектор. Според Ополномоштениот, работната структура на овој Совет беше повторно дефинирана за да овозможи независно функционирање дури и без претставници на државата со што се зголеми способноста на Советот да делува. Станува збор за дводоморен модел (комора на граѓанските организации и комора на државата). Комората на граѓанските организации има право да утврдува задачи и да бара делување од државата кога нејзините претставници ќе успеат да постигнат договор и да излезат со заедничко барање, по што државата има обврска да делува. Ова помогна да се натера државната администрација конкретно да делува.

## СПОРЕДБА СО АКТУЕЛНАТА СИТУАЦИЈА ВО АЛБАНИЈА

Во Албанија регистрирани се вкупно 1.858 граѓански организации од кои, според проценките на TASCO, активни се само 450 од кои, пак, според проценки на REC Албанија, 70 се организации од областа на животната средина. Работното опкружување за овие невладини и непрофитни организации е многу тешко и воопшто не помага. Накратко кажано, од аспект на фискалната законска рамка во Албанија, овој сектор е третиран подеднакво како и бизнис секторот.

Во последните три децении сè повидливо е вклучувањето на секторот и неговото присуство во прашањата од јавен интерес. Неговиот притисок за борба против корупцијата, вклученоста во чувствителни прашања кои го засегаат јавниот живот, во лобирањето за еднаква застапеност на мажите и жените во политиката и во процесот на одлучување, во промовирањето и заштитата на правата на маргинализираните групи, во борбата за заштита на животната средина итн. се сметаат за позитивен чекор во насока на влијаење на јавната свест и поттикнување на граѓанското инволвирање во процесот на одлучување и креирање политики на централно и локално ниво. И покрај бројните резултати сè уште не постојат стандардизирани процедури и механизми кои им овозможуваат навремено и ефективно учество на граѓанските организации во процесите на донесување одлуки и креирање политики согласно меѓународните стандарди и најдобрите искуства.

Односите помеѓу државата и граѓанските организации се спорадични и вештачки, повеќе на информативно ниво и, како резултат на тоа, се неефикасни, карактеризирани со немање на стандарди процедури и обврзувачки правила за

ангажирање во смисловен и навремен дијалог со граѓанското општество. Државата не ја признава во целост важноста на невладиниот сектор и неговиот развој, како незаменлив партнер во доброто владеење, унапредувањето на демократијата и одржливиот економски и општествен развој на државата. Соработката и партнерството помеѓу невладините организации и албанската Влада се од огромна важност и треба да се сметаат како приоритетно прашање за развој од двете страни е не само затоа што тоа го побарала Европската унија како дел од процесот на интегрирање.

Немањето на национална стратегија за развој на невладиниот сектор во Албанија и немањето на координација помеѓу невладините организации, државата и донаторската заедница заедно резултираат со кршлив сектор во Албанија, кој не е консолидиран и кој има слаб имиџ во јавноста.

Од суштинско значење е постоењето на законска и регулаторна рамка за одржлив развој на многу важниот невладин сектор во Албанија, исто како и во другите земји. Критериуми кои би можеле да придонесат кон воспоставување на соодветна рамка се воведувањето на едноставни, транспарентни и евтини процедури, правила и процедури за регистрација; заштита од мешање на државата и/ или арбитрарност во независното функционирање на невладините организации, воведувањето на неопходната законска и практична основа за прибирање на средства и активности кои би генерирале законски приходи; поголем пристап до информации и до донесувањето одлуки; утврдување и реализирање на јасно оданочување на правилата и процедурите за набавки преку кои ќе се направи разграничување помеѓу непрофитниот и приватниот сектор; воведување на државни механизми со кои ќе се поддржува ефективноста на невладините организации, итн. Можеме да заклучиме дека во Албанија има уште многу работа во однос на воспоставувањето законска и практична рамка за невладините организации која ќе биде компатибилна со меѓународните и ЕУ стандарди.

Новата Влада на Албанија која е на власт од септември 2014 година изрази отвореност кон ревидирањето и одобрувањето на Повелбата за граѓанското општество во албанското Собрание во 2014 година и формирање на Национален совет на организации од граѓанскиот сектор како форум кој го институционализира односот помеѓу Владата и граѓанските организации. Понатаму, албанската Влада го потпиша Партнерството за отворена Влада и овој процес се одвива со мала вклученост на граѓанските организации, или кога се вклучени во процесот тие не се репрезентативни.

Со цел да се олеснат и да притисне за примена на овие активности, во декември 2013 година граѓанските организации во државата организираа работилница која произведе јавна изјава наменета за државата со започнување на дијалог и почнување на процесот на соработка.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Откако направивме вовед во начинот на организација и официјалната застапеност на граѓанските организации во процесот на донесување одлуки во Словачка, воспоставувањето на опкружување кое го поттикнува функционирањето на граѓанските организации и неговата споредба со сегашната состојба во Албанија, ова се некои заклучоци кои сакаме да ги потенцираме:

- Ова е вистинскиот политички момент за организирање на граѓанските организации во државата, со посебен акцент на секторот животна средина кој е најмалку вклучен во последните случување, со цел започнување дијалог со Владата а како пример за тоа е Словачка.
- Неопходна е лидер организација која ќе го координира процесот на активирање на граѓанските организации. EDEN центарот е подготвен да ги предводи овие активности и ќе се обиде да организира тркалезна маса помеѓу еколошките граѓански организации и разни состаноци со другите граѓански организации активни во други сектори со цел презентирање на словачкиот модел и улогата на граѓанските организации во тој модел.
- Работната група составена од граѓански организации кои се заинтересирани да се ангажираат во процесот се предлага да работи заедно за да се изготви модел за презентирање кон Владата.
- Група од заинтересирани граѓански организации треба да биде активна во следењето на процесот на донесување одлуки во Собранието во кое наскоро ќе се дискутира и за Повелбата за граѓанско општество во Албанија.
- Невладиниот сектор во Албанија ќе биде консолидиран и ќе делува според подобрени стандарди за работење, координирано ќе се претставува во јавноста и ќе прави поголем притисок за инклузивно и транспарентно одлучување особено во однос на животната средина.
- Невладините организации ќе притиснат повеќе за проактивно да учествуваат во процесот на програмирање (IPA II) додека Владата и Европската делегација во Албанија ќе вложат повеќе напори во обезбедувањето на транспарентен и партиципативен процес. Ваквата соработка ќе создаде основа за отворен дијалог помеѓу актерите, култура за заедничко работење и меѓусебно помагање како и разбивање на меѓусебната недоверба. Таа треба да се гледа како на прв чекор кон воведување на Ополномоштена Канцеларија во Албанија.

## ЛИТЕРАТУРА:


- Monitoring Matrix on enabling environment for civil society development – country report ; Partners Albania Center for Change and Conflict Management, ISBN 978 – 9928 – 08 – 141 – 4
- Statutes of the Plenipotentiary of the SR Government for the Development of Civil Society
- Resolution of the Slovak Republic N. 68 from February 22, 2012
- Open Government Partnership Action Plan of the Slovak Republic

# Климатски промени – енергетска ефикасност

Климатската заштита и одржливото општество се нераскинливо поврзани едно со друго. Климата ги одредува еколошките услови за постење на биолошката разновидност и тие заеднички ги утврдуваат условите за постење на општеството. Освен тоа, одржливите општества се потребни за да се обезбеди луѓето да не предизвикуваат промени во животната средина на кои им е тешко да се прилагодат.

## СОСТОЈБАТА ВО УНГАРИЈА

Во 2009 година, правниците од Австрија, Чешка, Естонија, Унгарија и Словенија го следеа развојот на законската рамка во однос на климатските промени. Врз основа на извештаите, во земјите членки има неколку закони преку кои се обезбедува достигнување на целите од Кјото за ублажување на емисиите (2012). И покрај тоа, извештаите од Австрија и Словенија посочуваат дека актуелните мерки кои се базираат на постојните закони нема да бидат доволни за исполнување на меѓународните заложби кои ги имаат преземено. Естонија, Чешка и Унгарија немаат да имаат сериозни проблеми во остварувањето на предвидените намалувања до 2012 година но сите три извештаи заедно укажуваат дека ова е поради промените во дејноста (индустријата) и во економијата предизвикани со политичките промени на почетокот од деведесеттите години.
Унгарскиот Парламент ја донесе Резолуцијата бр.60 од 24 јуни 2009 година за изготвување рамковен Закон за климатска заштита од 24 јуни 2009 година, кој всушност претставува политичка заложба а сега и закон во оваа фаза. Според Резолуцијата, нацртот на овој рамковен Закон (Закон за климата) беше доставен до Парламентот во февруари 2010 година но поради измените во последен момент за кои притисна дејноста која користи фосилни горива, расправата во Парламентот за овој закон не успеа да биде завршена на крајот од циклусот. Новиот состав на Парламентот не го стави овој Закон на дневен ред и покрај лобирањето на Националното здружение на конзервационисти MTVSZ („Пријатели на Земјата" Унгарија).
Во Унгарија, Резолуцијата на парламентот предвидува дека идниот Закон ќе треба да ги утврди задачи за истражување и развој во врска со климатските промени.

Националната стратегија за одржлив развој и Националната климатска стратегија на Унгарија веќе ја покренаа потребата од постоење на сеопфатен сет на регулаторни инструменти. Сепак, вистинските реформи постојано се предмет на одложување т.е. за нив немало дискусија ниту развој или амбицијата за нив се „разбива" со тврдењето дека Унгарија никогаш нема да може самата да воведе таков систем во меѓународни рамки. Истовремено, стана јасно дека пазарот не може да ги решава прашања за иднината на начинот на кој сега функционира. Одговорите на тоа што да се прави доколку бидат исцрпени фосилните горива или со климатските промени мора да се формулираат најмалку десет, па дури и дваесет години однапред[2].

Поради економската транзиција во Унгарија, одредени влијанија врз животната средина (како што се емисиите на стакленички гасови) значително се намалија. Потоа во 2009 година се случи и вториот бран на значително намалување на емисиите поради економската криза.

- Унгарија користи околу 10% обновлива енергија а невладините организации имаат цел овој процент да изнесува 19% во 2020 и 29% во 2030 година (изразено во проценти од примарната потрошувачка на енергија). Официјалната цел е 14,65% во 2020 година.

- Енергетска ефикасност од околу 80% од енергетската сиромаштија, 90% од домовите не се добро изолирани. Во однос на енергетската сиромаштија беа реализирани некои проекти но само во згради а не и во индивидуални домови.

- Населението не инвестира многу во енергетска ефикасност (изолација) затоа што сметките за струја се ионака (вештачки) ниски (благодарение на државата) а луѓето исто така немаат доволно средства и не се мотивирани да инвестираат. Во 2007 година, 40,6% од вкупната потрошувачка на енергија во Унгарија отпаѓа на домаќинствата, 21,3% на комуналниот сектор и 27,5% на сообраќајот и превозот. Повеќе од половината од енергијата искористена во домаќинствата е за греење и уште една третина за користење на



нивните возила. Истовремено, домаќинствата учествуваат со околу една третина во вкупните емисии.

Националната стратегија за одржлив развој и Националната климатска стратегија на Унгарија веќе ја покренаа потребата од постоење на сеопфатен сет на регулаторни инструменти. Сепак, вистинските реформи постојано се предмет на одложување т.е. за нив немало дискусија ниту развој или амбицијата за нив се „разбива" со тврдењето дека Унгарија никогаш нема да може самата да воведе таков систем во меѓународни рамки. Истовремено, стана јасно дека пазарот не може да ги решава прашања за иднината на начинот на кој сега функционира. Одговорите на тоа што да се прави доколку бидат исцрпени фосилните горива или со климатските промени мора да се формулираат најмалку десет, па дури и дваесет години однапред.

Во 2006 година беше изготвена Стратегија за климатски промени во кои најмногу беше вклучено Националното здружение на конзервационисти MTVSZ (ова Здружение организираше национални кампањи за подигнување на јавната свест околу ова прашање и некои од препораките на оваа кампања беа вградени во Стратегијата), Министерството побара мислења и коментари од засегнатите страни, итн. Законската рамка која се однесува на климата беше донесена со амбициозна цел дека тоа е добар пристап за намалување на климатските промени меѓутоа нејзината имплементација се покажа слаба. Со доаѓањето на новата Влада беше изготвена и нова Стратегија но Националното здружение MTVSZ не учествуваше во нејзиното изготвување туку само да даде коментари за конечната верзија. Според мислење на Здружението, новата Стратегија е послаба во споредба со претходната најмногу поради предвидените проширувања на нуклеарните централи. Тука се и прашањата за свесност за климатските промени и нејзиното влијание врз растот а постојат реални можности во имплементација на кампањата.

## СОСТОЈБАТА ВО СРБИЈА
## МЕЃУНАРОДНАТА РАМКА И ОБВРСКИТЕ НА СРБИЈА

Република Србија ја потпиша Конвенцијата на 10 јуни 2001 година а Протоколот од Кјото на 17 јануари 2008 година, и тоа како земја во развој (не е потписничка на Анексот 1). Во постапката на изготвување на првичната Национална комуникација беше забележано дека дури во последните години климатските промени, како проблем, станаа многу поактуелно прашање.

Усогласувањето на националната законска рамка со правото на Европската унија на полето на климатските промени подразбира транспонирање на климатскиот и енергетски пакет на ЕУ. Една од пообемните директиви на ЕУ е Директивата за систем за тргување со емисиите (EU ETS). Ефикасното изготвување и примена на оваа Директива подразбира воспоставување на законски и институционални капацитети и нивно зајакнување, вклучувајќи го тука и зајакнување на самата индустрија со цел исполнување на барањата за мониторинг и известување.[3]

Важност од дефинирање на соодветни активности за ублажување на национално ниво е содржана и во подготвеноста на државата да ги ограничи емисиите и економскиот развој во согласност со своите капацитети и можности и во согласност со принципите за одржлив развој, со што се зголемуваат можностите за финансирање на меѓународно ниво и имплементирањето на конкретни активности е важно за државата.

Примената на меѓународните и регионални активности и аранжмани бара усогласен и паралелен развој на меѓународната и регионална соработка, донесување на стратешки документи, постоење на современа законска рамка, континуитет на политиката во однос на стратешки документи и нивна имплементација, примена на законите и регулативите кои се однесуваат на надлежните институции, човечките ресурси и соработката на релевантните засегнати страни. Тоа е исто така важно и за меѓународната соработка преку овозможување средства за сите овие активности. Доколку државата не е во можност да се соочи со климатските промени тоа може да доведе до нарушени меѓународни односи и нејзина лоша позиција во европските интеграции.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОСТАВЕНОСТ ВО СРБИЈА ВО ОДНОС НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Србија нема одржлива институционална рамка. Во фаза на формирање е Канцеларијата за климатски промени која се финансирање преку меѓународен проект а не од Буџетот на Србија. Министерството нема доволен број на кадри за да се справува со прашањето на климатски промени.

Прибирањето и обработката на податоците за емисии на загадувачи на воздухот во Република Србија го прави Агенцијата за заштита на животната средина која исто така, согласно законските одредби, води и Национален регистар на извори на загадување.
Агенцијата за заштита на животната средина воведе автоматско следење на квалитетот на воздухот во Република Македонија (со различен интензитет, во периодот 2006-2010 година) во рамките на проектот „Добавување на опрема за станиците за следење на квалитетот на воздухот во Србија" (EUROPEAID/ 124394/D/SUP/YU)"

Во текот на 2012 државата се соочи со одредени финансиски потешкотии во примената на предвидените активности во врска со одржувањето и поправката на опремата во националната мрежа на станици за мерење на квалитетот на воздухот. Како последица на ова имаме помалку податоци на располагање, регулативи утврдени според годишниот волумен за потребите на утврдување на состојбата со квалитетот на воздухот од што може да се заклучи дека ваквиот пристап е нестабилен.

Во 2013 година Србија започна да го изготвува вториот UNFCC извештај за климатските промени но во него невладините организации се вклучени само формално. Овој процес го финансираат Владата на Србија и УНДП во Србија. Агенцијата за заштита на животната средина е главната фокална точка за прибирање на податоци и се очекува вториот извештај на UNFCC да биде официјално усвоен од Владата во текот на месец септември 2014 година.

Србија одлучи да започне да ја изготвува стратегијата за ублажување и прилагодување на климатските промени во 2015 година кога исто така ќе го изготви и Акцискиот план за ИПА финансирање во однос на климатските промени. Невладините организации се вклучени во овие подготвителни активности и се очекува акцискиот план да започне со имплементација од 2016 година.

## СОСТОЈБАТА ВО СРБИЈА ВО ОДНОС НА ЕМИСИИТЕ И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Во периодот од ратификувањето на Конвенцијата од Кјото (2008 година) до денес, не е направено систематско и конкретно прибирање на податоци во врска со емисиите на стакленичките гасови што го прави многу сложено и комплицирано правењето на инвентар од вакви податоци. Изготвувањето на инвентар на стакленички гасови е од голема важност затоа што вклучи голем број национални институции и локални експерти и овозможува доследна и релативно сигурна база на податоци неопходна за понатамошен развој и подобрување.[4]

Производството на електрична енергија во Србија емитува околу 35 милиони $CO_2$ годишно. Најголем извор на овие емисии во Србија се електричните централи, постројките за производство и обработка на метали како и минералната индустрија. Вкупното количество на емитувани материи во 2012 година изнесуваше 24.52 Gg. Вкупните енергетски резерви се состојат најмногу од јаглен (99%) т.е. најмногу лигнит со мала калорична вредност. Останатите ресурси за производство на енергија (1%) се резерви на нафта и гас.

Во споредба со периодот 1961 – 1990 година, периодот од 1971 до 2000-та година во најголемиот дел од Србија беше потопол за 0,7°C

## ИДНИ КЛИМАТСКИ СЦЕНАРИЈА ЗА СРБИЈА

Очекуваните долгорочни влијанија од климатските промени се:

- - зголемување на интензитетот и зачестеноста на шумските пожари; менување на границите на видовите шуми во однос на географската ширина и височина; поинаква природа дистрибуција на видовите шуми;

- - влијанијата на водните ресурси покажуваат намалување на текот на водите на национално ниво;
- - висок степен на ранливост на земјоделството производство на екстремните временски услови и системски изменети временски услови;
- - климатските промени влијаат на биолошката разновидност и природните екосистеми: фенолошки промени, промени во морфологијата, физиологијата и однесувањето на видовите; губење на постојните живеалишта, промена во бројноста и дистрибуцијата на видовите;
- - влијанија врз човековото здравје, во последните неколку години зголемување на бројноста на срцеви удари и смртни случаи во периоди на екстремно високи дневни температури на воздухот.

## КАКО СРБИЈА ТРЕБА ДА МУ ПРИСТАПИ НА ПРАШАЊЕТО НА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Почетен чекор на еден сеопфатен пристап се шемите за енергетски квоти со што се прават обиди да се одговори на економските, социјалните и еколошките предизвици. Изборот токму на пристапот до енергија, како фокална точка, не е случаен – повеќето од нашите проблеми имаат корен токму во користењето на енергијата.

Србија треба да ја зајакне својата техничка, политичка и законска изводливост. Како земја ние сме сè уште назад кога станува зборува за донесување на важни документи и стратегии кои се однесуваат на ублажување на климатските промени и адаптирањето кон нив.

Во рамките на Министерството за енергетика, развој и заштита на животната средина, Република Србија има Сектор за климатски промени. Во насока на исполнување на своите обврски овој Сектор ја координираше и изготвуваше Иницијалната национална комуникација на Република Србија во однос на Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени која беше доставена до Секретаријатот на UNFCCC во ноември 2010 година.

## ПРЕПОРАКИ ЗА АКТИВНОСТИ ВО СРБИЈА ВО ВРСКА СО КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ И УЛОГАТА НА CEKOR И НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Како земја кандидат за членство во Европската унија, Србија има обврска да го прилагоди своето законодавство со она на ЕУ и во тој смисол Србија има политичка заложба да го усвои и имплементира законодавство во овие полиња: енергетика, енергетска ефикасност, транспорт и животна средина (општо). Сепак, постои потреба од градење на капацитетите на сите засегнати страни со цел постигнување на усогласеност и во тие рамки ова се можните опции:

- Зајакнување на соработката помеѓу секторите и усвојување на влијанијата од климатските промени како приоритети на секторите е еден од клучните предуслови за ефикасно и целосно имплементирање на системски опсервации.
- Поддршка на невладините организации што ќе биде корисно за прилагодување на локалните заедници на климатските промени.
- Подигнување на свеста во медиумите во однос на потребата од прилагодување на климатските промени.
- Градење на капацитетите за систематска технолошко-економска анализа за опциите за ублажување на климатските промени и проектирање на можните сценарија, по сектори, и проценка на релевантните технички, технолошки и финансиски потреби.
- Ефективно зголемување на енергетската ефикасност во целиот синџир на користење на енергијата, дополнително градење на капацитетите и методична работа, особено околу изготвувањето на национални документи и акциски планови за имплементација.
- CEKOR ќе учествува во консултации со ИПА фондовите во однос на климатските промени и во консултациите за вториот извештај за климатските промени.
- Во изготвувањето и развивањето на стратегии за климатски промени во Србија, CEKOR ќе соработува со Парламентот што се предвидува да биде готово до 2015 година затоа што Парламентот ќе работи на изготвување и на развивање на мерки.
- На сличен начин, CEKOR истовремено е учесник и водич во постапката поврзана со Поглавјето 27 од Конвенцијата а ќе соработува и во однос на енергетиката и сообраќајот т.е. климатските промени во овие области и нивното ублажување.
- Во наредниот период ќе бараме финансирање и соработка со/ од други организации како што се MTVZ со имплементација на проекти на полето на климатски промени.

# Трошење на ресурси – несоодветно постапување со отпадот во Босна и Херцеговина

Живееме во време кога се приближуваме до границата на исцрпување на одредени природни ресурси при што експлоатацијата на природните ресурси често се врши на неконтролиран и неплански начин а како врв на сето ова потребата од природни ресурси секој ден сè повеќе се зголемува. Во вакви околности неопходно е сите држави (вклучувајќи ги и земјите во развој) сериозно да се соочат со овие прашања и да изготват план за ефикасно користење на ресурсите.

Проценките покажуваат дека во 2050 година населението ќе се зголеми на повеќе од 9 милијарди жители, две милијарди луѓе во земјите во развој ќе ја тројно ќе ја зголемат својата потрошувачка а бизнис секторот ќе ја тројно ќе ја зголеми експлоатацијата на ресурсите како што се минерали, дрвна маса, метали, фосилни горива итн. За да не се остварат овие прогнози и тие да не предизвикаат фатални последици за нашата Планета а со тоа влијаат и на квалитетот а животот на луѓето, од суштинско значење е веднаш да се започне со планирање и примена на мерките за ефикасно користење на останатите ресурси. Ова особено се однесува на земјите во развој, како што е Босна и Херцеговина, во кои актуелните трендови на потрошувачка бележат пораст како резултат на развојните политики, промовирање на консумеризмот, масовното производство, понудата на помалку квалитетни производи и немањето планови и регулативи кои би го ограничиле залудното трошење на ресурсите.

Ефикасното и одржливото користење на ресурсите подразбира одржливо користење на ресурсите на начин кој ќе влијае минимално врз животната средина. Целта на ефикасното користење на ресурсите е со помалку ресурси да создадеме повеќе, или да создадеме поголем вредност со помалку инвестиции и помалку негативни последици врз животната средина. Одржливото користење на ресурсите е единственото решение кое ќе ни овозможи нас и на следните генерации да остварат економски и општествен развој со ограничени природни ресурси и со заштита на животната средина.

Како да се поврзат недоволните ресурсите, ефикасното управување со нив и отпадот? Во моментот еден од најважните ресурси од аспект на одржливиот развој е отпадот затоа што тој е секундарен извор на суровини и замена на примарните ресурси. Економијата на Европската унија троши 16 тони природни ресурси по глава на жител додека секој жител на Европската унија произведува околу 6 тони отпад годишно. Овие податоци покажуваат дека секоја година се трошат големи ресурси и дека постои голем потенцијал за повторно користење на искористените ресурси преку адекватно управување со отпадот.
Спречувањето да се создаде отпад, како прв чекор во хиерархијата на отпадот, има директно влијание на намалување на потребата од природата ресурси и тоа преку подобрување на навиките на потрошувачите. Вториот и третиот чекор, повторното користење на производите




**ПРЕВЕНЦИЈА**
Ако не може да се превенира, тогаш се прави...

**ПОДГОТОВКА ЗА РЕУПОТРЕБА**
Ако не може да се подготви за повторна употреба, тогаш се...

**РЕЦИКЛИРА**
Ако не може да се рециклира, тогаш се...

**ВРАЌА ВО ДРУГА ФОРМА** (НА ПР. ЕНЕРГИЈА)
Ако не може да се врати во друга форма тогаш се...

**ДЕПОНИРА**
Доколку нема ниту една друга можност.

Соработка помеѓу

Hnutí DUHA
Friends of the Earth Czech Republic

&

Centar za
životnu sredinu





и рециклирањето, се важни инструменти за намалување на потребата од природни ресурси и за создавање и искористување на суровини. Адекватното управување со отпад претставува голем потенцијал за економски и социјален развој во општеството и исто така има значителен придонес кон намалувањето на влијанието врз климатските промени и другите негативни последици врз животната средина. Застапувањето за принципот на ефикасност на ресурсите преку управување со отпадот придонесува кон намалување на производните трошоци што ѝ помага на индустријата да биде поодржлива и поефикасна во своето работење.

Институциите задолжени за управување со отпадот во Босна и Херцеговина сè уште го немаат препознаено огромниот потенцијал кој пропаѓа поради немање ефикасен систем за селективно собирање и рециклирање на отпадот. Иако постојат законски основи за тоа како треба да се постапува со отпадот (Закон за управување со отпадот на Република Српска и Законот за управување со отпадот на Федерацијата Босна и Херцеговина), поради нивното неимплементирање нашето општество губи огромни ресурси и тоа предизвикува неповратни штети врз животната средина. Неадекватното постапување со отпадот ги закопува постојните депонии и го намалува нивниот животен век. Ваквиот начин на постапување со отпадот бара нови депонии кои, поради високата цена на инвестицијата за нивна изградба, обично не ги задоволува сите неопходни еколошки барања. Во 2002 година институциите на Босна и Херцеговина зедоа кредит од Светската банка за да обезбедат дел од средствата неопходни за изградба или реновирање на постојните депонии[5].

Извештаите од 2010 година покажуваат дека количеството на отпад во Босна и Херцеговина по глава на жител е слично со земјите во регионот и е помало од просекот во ЕУ. Вкупниот општински (комунален) отпад во 2010 година изнесуваше 332 килограми по глава на жител.[6] Сепак, она што загрижува е дека количеството на отпад по глава на жител во Босна и Херцеговина се зголемува и дека истиот тренд се очекува и во иднина како резултат на развојот на туризмот и економијата и како резултат на променливите потрошувачки навики на граѓаните. Исто така не постојат ни планови за намалување на отпадот и негово рециклирање а ниту индикации дека истите би биле изготвени во блиска иднина.

Во наредниот дел од текстот ќе го прикажеме методот на управување со отпад во Чешката Република и ќе го споредиме со системот за управување со отпад во Босна и Херцеговина. Причината за споредување на овие два системи е што не толку одамна Чешка се соочуваше со сличен проблем како и Босна и Херцеговина денес и за релативно краток период успеаја да остварат значителен напредок. Иако управувањето со отпадот во Чешка не е идеално, активностите на чешките институции на полето на отпадот можат да послужат како примери за добра пракса за институциите во Босна и Херцеговина. Уште во текот на деведесеттите години Чешка постигна значителен напредок во собирањето и рециклирањето на отпадот. Денес, процентот на отпад кој се рециклира изнесува 25% (оваа бројка го вклучува и компостирањето на органскиот отпад). Процентот на рециклирање варира од една општина во друга и обично е поголем во помалите општини споредено со процентот во поголемите општини. Иако статистичките податоци од ЕУ покажуваат дека во последните неколку години годишното количество на отпад по глава на жител во Чешка се зголеми (во 2001 година вкупното количество на отпад по глава на жител беше 273 килограми а во 2010 година беше 317 килограми) најважен и најпозитивен е фактот дека во истиот период процентот на рециклирање се зголеми од 1% на 16%.[7]

Ако ги споредиме податоците на долниот графикон кој го прикажува вкупното количество на отпад произведено во Босна и Херцеговина и во Чешка, и ако го посочиме фактот дека процентот на рециклирање во Босна и Херцеговина е 0%, јасно е чиј систем за управување со отпадот е поефикасен.

Важно е да се потенцира дека одредени видови отпад во Босна и Херцеговина можат да се рециклираат (хартија и метал) но не постојат официјални бројки за тоа и процентот е многу мал. Рециклирањето на ваквиот отпад го прават

приватни фирми кои имаат договор со физички лица и компании кои го собираат овој тип на отпад.

Активностите кои придонеса Чешка во краток временски период многукратно да го зголеми рециклирање беа, всушност, измените во системот според кои граѓаните плаќаат надомест за управување со отпад како и воведување на кауција како дел имплементацијата на ЕУ Директивата за отпад од амбалажа.

Иако многу градови и понатаму функционираат според стариот систем (месечен фиксен надомест кој го плаќа секое домаќинство) одреден број на градови (од кои повеќето се помали градови) функционираат според системот во кој плаќањето се прави според количеството на отпад кој го создава домаќинството. Најчести вакви системите се (а) системот на кеси, (б) системот на кеси со EAN код и (в) PAYT систем (плаќај како што фрлаш смет).

Системот со кеси е систем кој го собира отпадот од домаќинствата (комуналниот отпад) во посебни кеси или контејнери за секој вид отпад. Зависно од видот на отпад домаќинствата имаат посебни кеси или контејнери (садови) за хартија, пластика, метал, стакло, картон и сл.

Системот на кеси со EAN функционира на ист принцип со тоа што секое домаќинство има свој EAN код. Со очитување на EAN кодот во моментот на собирање на отпадот се мери количеството на смет кое го генерира конкретно домаќинство во конкретен период врз основа на што се пресметува колку тоа домаќинство треба да плати за сметот кој го произведува. Понатаму, EAN кодот овозможува споредување на производството на отпад помеѓу домаќинствата. Податоци кои ја покажуваат ефикасноста на овие системи: повеќе од 50% од отпадот во градовите Оломуц, Смили и Свитави се рециклира, намалено е количеството на отпад по глава на жител во овие градови кој не се рециклира (180 килограми во споредба со просекот од 292,3 килограми во Чешка на национално ниво). Овие системи се особено популарни во помалите заедници/ општини.

PAYT системот е систем кој го третира комуналниот отпад кој не може да се сепарира и рециклира (мешовит отпад). Тој исто така функционира и на начин што секое домаќинство плаќа еквивалентен надомест за мешовитиот отпад кој го создава. Примената на овој систем во градовите Хустопече Над Бечвоу и Рожочи значително го намали количеството на мешовитиот отпад и сега тој изнесува помалку од 100 килограми по глава на жител. Во моментов малку помалку од 15% од градовите во Чешка го користат овој систем но овој процент се зголемува секоја година[8]. Системот може да се применува и во поголемите општини а вистински пример за ова е Прага каде има повеќе од 3.000 контејнери за селективно собирање на отпадот, 14 собирни дворови и 280 продавници кои собираат електронски отпад[9]. Во последните години сè поголем број на домаќинства и станбени блокови започнаа со рециклирање на органскиот отпад, компостирање. Комуналните претпријатија или локалните власти овозможуваат канти за компостирање за домаќинствата, зградите или тие самите градат дворови за компостирање на ниво на локалните заедници. Со оглед на фактот дека био-отпадот претставува една третина од вкупниот отпад на домаќинствата, компостирањето значително ќе придонесе кон намалување на вкупното количество отпад. Чешката Република не може да се пофали со добри резултати затоа што предмет на компостирање е само 2% од биолошкиот отпад. Примената на систем за компостирање има голем потенцијал и ќе претставува голем предизвик за Чешката Република во иднина.

Најголемиот и најважен резултат од примената ваквиот систем за собирање на отпадот може да се види не само во фактот што луѓето на големо почнаа да го сепарираат отпадот туку и во фактот дека со овие системи се поттикнува несоздавањето на отпад. Согласно хиерархијата на отпадот токму тоа е главната цел: создавање помалку отпад а со тоа и намалување на потребата од рециклирање, на проблемите поврзани со одлагањето на отпадот и намалено уништување на природните ресурси.

Ако го споредиме актуелниот систем за плаќање за собирање на комуналниот отпад во Босна и Херцеговина, кој е сличен на стариот систем во Чешката Република, со системите наведени погоре, факт е дека системот во Босна и Херцеговина не ги поттикнува луѓето да создаваат помалку отпад. Со оглед на тоа што свеста на граѓаните на Босна и Херцеговина за потенцијалот скриен во отпадот е слабо развиена и за да направиме чекор напред и да го намалиме количеството на ресурси кои непотребно се уништуваат, неопходен ни е систем кој ќе ги поттикне луѓето да размислуваат за потребата од зачувување на природните ресурси преку помало генерирање на отпад.

Дали со селективното собирање на отпадот и со неговото рециклирање ќе управуваат јавни или приватни фирми/ претпријатија, е најмалку важно. Во овој момент она што е најважно да се воведе во Босна и Херцеговина, од аспект на економски и општествен развој

како и зачувување на ресурсите и заштитата на животната средина, е сериозно планирање на управувањето со отпадот и веднаш да се започне со негова примена. Примерите од најдобрите пракси се насекаде околу нас, ние само треба да ги имплементираме кога тоа е можно.

## ENDNOTES

1. Овој текст е изготвен врз основа на публикацијата „Funding Europe's future- How Cohesion Policy 2014-2020 can deliver for Europe's people and environment", CEE Bankwatch Network and FoE Europe, октомври 2011 година и на извештајот „The devil is in the implementation", CEE Bankwatch Network, FoE Europe and SF Team for sustainable development, март 2014 година. И двете достапни на www.bankwatch.org
2. http://www.mtvsz.hu/dynamic/klima_angol_01.pdf
3. http://www.merz.gov.rs/en/odsek/climate-change-division-environment
4. http://www.merz.gov.rs/en/dokumenti/initial-national-communication-republic-serbia-under-united-nations-framework-convention
5. Извештај од невладини организации за постапката за изградба на регионални депонии во Босна и Херцеговина
6. Извештаи за состојбите со животната средина во Босна и Херцеговина во 2012 година. Министерство за трговија со странство и економски односи на Босна и Херцеговина
7. Управување со комуналниот отпад во Чешката Република, Европска агенција за животна средина, февруари 2013 година
8. Патна карта за Чешката Република
9. Управување со отпадот во Централна и Источна Европа, C'M'S

CEE Bankwatch Network
Na Rozcestí 1434/6
Praha 9, 190 00
Czech Republic
E-mail: main@bankwatch.org
Web: bankwatch.org
Twitter: @ceebankwatch
Facebook: facebook.com/ceebankwatch